**УДК 316.344.2**

## Крис, Хан, и Кит Харт. 2011. *Економска антропологија: историја, етнографија, критика*, Кембриџ, Polity Press. ISBN-13: 978-0-7456-4482-0.

Во 2011 година излезе од печат книгата *Економска антропологија: историја, етнографија, критика*, која претставува нов вовед во историјата и практиката на економската антропологија напишана од страна на двата водечки антрополози во економската антропологија – Крис Хан и Кит Харт. Авторите на оваа книга покажуваат дека антрополозите имаат голем придонес во разбирањето на трите големи прашања на модерната економска историја: развојот, социјализмот и светскиот капитализам. Притоа, авторите ја сврзуваат економската антропологија со корените во западната филозофија, општествената теорија и историјата на светот.

Работата на оваа книга започнала со предлог - текстови подготвени за конференцијата што требало да се одржи во јуни 2006 година за состојбата на економската антропологија, со посебен фокус на современата релевантност на идеите на Карл Полани. Авторите Крис Хан и Кит Харт во предговорот на книгата велат: „Кога дојдовме до точката да се подготви постапката за издавање на нашиот труд, тој беше премногу долг за да се вклопи. Во меѓувреме трудот продолжи да расте. Довршувањето беше одложено, не само поради обврските што ги имавме истовремено туку и поради влијанието на најновите вести од светот, односно сè посериозната криза на светската економија, која ги пренасочи нашите енергии и нè инспирира да го ставиме фокусот на парите, односно да им дадеме поголема важност во текстот отколку што веќе беше планирано".

Финансиската криза и нејзините општествени последици во поголемиот дел од светот може да се сфатат како изненадување, вклучувајќи ги тука и економистите, но тоа не треба да претставува изненадување за економските историчари и антрополозите, кои веќе долго време се запознаени со поимите како *креативно уништување* и *нееднаков развој*. Авторите не дозволиле последната економска криза да доведе до промена на структурата на оваа книга, која е комбинација на историјата на економската антропологија со перспективи на светската историја. Во книгата профилот на историјата, како и сегашната состојба на економската антропологија е понуден како придонес кон разбирањето на економскиот живот, област во која многу научници, не само економисти и антрополози туку, исто така, историчари и социолози, мора да ги здружат силите. Некои од економистите ѝ даваат посебен статус на својата дисциплина и пробуваат да се оддалечат од општествените науки. Крис Хан и Кит Харт имаат еден критичен поглед на таквите тврдења, па затоа нивната цел е да ги зближат двете дисциплини поблиску една до друга. Претходните профили на економската антропологија се поврзани со основоположниците на модерната социолошка теорија – особено со Маркс, Вебер и Диркем. Но Хан и Харт тврдат дека основните прашања се многу постари од ова. На крајот на краиштата, економската антропологија опфаќа прашања за природата на човекот и благосостојбата, прашања што ги преокупираат филозофите во секое општество од по-

четокот. Авторите на книгата направиле случај за економската антропологија, кој е во состојба да ја испита „човечката економија" каде и да било, во времето или во просторот, како креација на целото човештво. Во текот на минатиот половина век имало огромни промени во светската економија, особено од крајот на Студената војна, па затоа авторите на книгата најголем приоритет им даваат на овие тековни трансформации.

Книгата *Економска антропологија: историја, етнографија, критика* е одличен вовед во општествените науки за студентите на сите нивоа, а на обичните читатели им дава предизвикувачка перспектива на денешната светска економија. За да биде поголема читливоста на книгата, авторите се обиделе да го избегнат нередот во текстот што се прави со фусноти или прекумерни референци, цитати и ознаки. Наместо тоа авторите во дополнителните информации што ѝ претходат на библиографијата напишале детали во врска со материјалите презентирани во секое поглавје, како и дополнителни предлози наменети за заинтересираните читатели.

**Ѓоко Атанасов (Македонија)**